Скопски улици

ВАСКО МАРКОВСКИ

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Васко Марковски, Скопски улици**

**© Васко Марковски, 2022**
**© Бегемот, 2022**

Лектура
**Ирена Ралева**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# СКОПСКИ УЛИЦИ

ВАСКО МАРКОВСКИ

Бегемот

Скопје, 2022

## СОДРЖИНА

**УЛИЦА „СКОПСКИ ФЛАНЕРИЗАМ“ ББ** .......... 9

**СКОПСКИ УЛИЦИ** .......... 13
ВО МРЕЖАТА НА ПАЈАКОТ ЗАИГРАН .......... 15
РАЗГЛЕДНИЦА ОД ЧИТАЛНАТА .......... 16
ЛАЖНА МОБИЛИЗАЦИЈА .......... 18
ПОЗДРАВ ОД КАРШИ .......... 19
ПОУКА ОД МИНЛИВОТО .......... 20
ГРАДСКИ ЧАСОВНИК .......... 21
ДОБРО ТЕЛО .......... 22
ОД БЕЛЕЖНИКОТ НА ВОЗАЧОТ .......... 24
НОКТУРНО .......... 25
ДЕМБЕЛСКО ПОПЛАДНЕ .......... 26
ВО МАЏИР МААЛО, ПОКРАЈ ВАРДАР .......... 27
SZÉPSÉGE TITKOS .......... 28
КНИГИ .......... 29
ОД БЕЛЕЖНИКОТ НА НАБЉУДУВАЧОТ .......... 30
СЕМАФОР .......... 31
ИЗВИНИ, СУМ СЕ ПРЕПОЗНАЛ! .......... 32
ПОЛИЦИСКА КОНТРОЛА .......... 33
ЗАГАТКА ВО БИБЛИОТЕКАТА .......... 34
СРЕДБА НА КРСТОСНИЦА .......... 36
ДВЕ СЦЕНИ ОД ПАРКОТ .......... 38
КРАЈ ДВЕ ШАХТИ .......... 38
ЗАТИШЈЕ .......... 39

**ЗЕР** .......... 41
ИНДИЈАНСКА ЈАНSА ЗА ЕДНА УЛИЧКА ВО МАЏИР МААЛО .......... 43
ЗАСВИРЕТЕ, ЧАЛГАЏИИ, ПСАЛМ 136 .......... 44
БРЕГ .......... 45
ТИХУВАЈЌИ КОН ВРЕВАТА .......... 46
РАЗГЛЕДНИЦА ОД МОЕТО ВРЕМЕ .......... 48

**РАЗДЕЛБИ** .......... 49
НЕМИР .......... 51
МАЈСТОРСТВО И ДОБЛЕСТ .......... 52

**НАДВОРЕШНА МЕМОРИЈА** .......... 53
ПОТСЕТНИК .......... 55
MISSION IMPOSSIBLE .......... 56

**САНДАЧЕ ЗА ЖАЛБИ И ПОПЛАКИ** .......... 57
ДАЛЕКУ СУМ ОД ТАКВИ АМБИЦИИ .......... 59
ШШШШШ .......... 61
СВИРЕЖ ПРЕД БАНКА .......... 62
СВЕТОВ И ВЕКОВ .......... 63
СЕМИНАРИСТИ .......... 64
SИДОТ И МИНУВАЧОТ .......... 65
ДИЈАГНОЗА НА ОПШТЕСТВОТО .......... 66
ОГЛЕДАЛО .......... 67

**СВЕТИЛНИК** ........ 69
МРАЗАМ ВИШОК СПЕЈСОВИ........ 71
БИСТРИНА ........ 72
ВЧУДОВИДЕН ВЧУДОВИДЕНОСТПРИЧИНИТЕЛ ........ 73
ВРЗУВАЈЌИ ЧЕВЛИ, ВО НЕКРСТЕН ДЕН ........ 74
ХАИКУ СПОРЕД СВ. ВАСИЛИЈ ВЕЛИКИ ........ 75
ОКО НЕНАСИТНО ........ 76
SMS ........ 77
КОТВА ........ 78
ПОНЕКОГАШ ........ 79
FEARLESS ........ 80
РЕД ЗА СВЕЌИ ........ 81
ПРАЗНИЧНО SВОНО ........ 81
ПОСЛЕДЕН В ЦРКВА ........ 81
МИЕЈЌИ ЗАБИ ........ 82
ЗБУНЕТА ДОБРОНАМЕРНОСТ ........ 83
МИ ОСЛАБЕЛ ВИДОТ ........ 84
ВОШКИ ........ 84
БИ САКАЛ ДА ГИ ВИДАМ „НОЌНИ ВОЛЦИ“ ........ 84
ПОНЕКОГАШ РАКАТА Е КАКО САБЈА ........ 85
СИ ГИ ПОКРИВ УШИТЕ ........ 85
АВТОПАТ КОН „СВЕТИ НАУМ“ ........ 86
ЧИСТЕЈЌИ МОРКОВИ ........ 87
КОГА ТЕ НЕМА ........ 88
ЛИК ВО ОГЛЕДАЛО ........ 89
МИРУВАЈ ВО ПОЧИТ ........ 89
БИ ЗБОРУВАЛ МНОГУ ПОВЕЌЕ ........ 89

**МИНИЈАТУРИ** ........ 91
РАЗДЕЛБА ........ 93
ОД НЕКАДЕ ПОЗНАТО ........ 94
СОНЧЕВА РАЗГЛЕДНИЦА ОД СКОПЈЕ ........ 95
КРУЖЕН ТЕК ........ 96
МАЛА ПРИКАЗНА ЗА ВРЕМЕТО ........ 97
КАФЕ. РЕКА. ........ 98
СОНУВАНИ СТИХОВИ ........ 99
КОЛКУ ПОПРОДУКТИВНО БИ БИЛО ПРАШАЊЕТО ........ 100
КАДАР ПОЛН ЗЕЛЕНИЛО ........ 100
ЕСЕНВА Е – ПРОЛЕТ ........ 100
ДЕСТИНАЦИЈА ........ 101

**ЧАЛГИСКИ ВЕНТИЛ** ........ 103
СВИРАЧ СРЕД МИСЛА ........ 105
ОТСВИРЕВМЕ СЀ ........ 105
ХЕНДЛ, ХЕНДЛ ........ 105

**ГЛАГОЛИ** ........ 107
МЕТАСТАЗИ ........ 109
ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА ........ 110

**РАЗГЛЕДНИЦИ ОД СРЕДНО ВОДНО** ........ 111
ГРАДОТ ОТСПРОТИВА ........ 113
СИМНУВАЊЕ ВО ГРАДОТ ........ 117

**ЗАПИСИ ОД БРЗАТА ЛЕНТА** ... 119
ПРИКАЗНА ЗА ВАВИЛОН ОД КОНФЕРЕНЦИСКАТА САЛА ... 121

**КАМПАЊА** ... 123
МОНОЛОГ ПРЕД БИЛБОРД ... 125

**НАДВОР ОД ГРАДОТ** ... 127
МАГЛИВ ПРОЗОРЕЦ ... 129
ЗЛАТЕСТ ОТСЈАЈ ... 129
ТЕНЏЕРЕ КАФЕ ... 129
МАСА ПОД ЅВЕЗДИ ... 130
НА УЛИЦА ЛЕПЕШКИ ... 130
БОГДАНЦИ ... 131
СКОПСКО ПОЛЕ ... 132
НЕКОИ ДЕНОВИ НЕМААТ КРАЈ ... 133
РАЗГЛЕДНИЦИ ОД БАРСЕЛОНА ... 134

**СРП И ЧЕКАН** ... 135
БЛУЗЕРСКИ ОБРОК ... 137
ПОЛИЦИСКО КОМБЕ ... 137
ЛУШПИ ОД СОНЧОГЛЕД ... 137

**УДОБНА БРЗИНА НАД РАБОТНАТА МАСА** ... 139

**ДРУГА ДИОПТРИЈА** ... 143

## УЛИЦА „СКОПСКИ ФЛАНЕРИЗАМ“ ББ

кон стихозбирката „Скопски улици“
на Васко Марковски

Секогаш кога отвораме нова книга од Васко Марковски, можеме да бидеме сигурни дека нè очекува интересна и возбудлива прошетка. Ова не е само игра на зборови – имајќи предвид дека зборуваме за книга што го носи насловот „Скопски улици“ – туку многу повеќе коментар на авторовиот сензибилитет и однос не само кон литературата и градот, туку и кон светот воопшто. Васко Марковски во својата најнова книга како да го обединува најдоброто од својот творечки ангажман – во песните ги забележуваме и Васко хаику-мајсторот, Васко туристичкиот водич, Васко фотографот, Васко музичарот, Васко репортерот, па дури и Васко преведувачот.

Во „Скопски улици“, градот е распослан пред читателот како лавиринт што треба да се истражи, но за кој, сепак, имаме одредени патокази. На родниот град Васко Марковски му пристапува

како на место што го посетува за првпат – ретка, но толку потребна вештина за да се избегне баналноста кога се пишува за градот. Авторот го изострува своето око како објектив што го пронаоѓа само она што не е видливо на прва. Понекогаш тоа е некаква асоцијација или аналогија, сцена, слика, референца од музиката или поп-културата... Но секогаш резултира со мала урбана епифанија.

Тонот во песните понекогаш е хумористичен, па дури и црнохуморен, понекогаш емотивен, критички, па и „мрчаторски“. Присутна е големата доза емпатија кон луѓето и феномените што го опкружуваат; Васко Марковски сочувствува со џандарите што амалски чекаат леб во комбето, со непознатиот Јапонец што има иста мака и не може да се разбере со ќерката пубертетлика, со изморените градежни работници што го јадат својот блузерски оброк...

Стилски и поетички, „Скопски улици“ е прилично хетерогена книга, на што упатува и големиот број циклуси на кои е поделена. Во нив има место за урбана хаику хроника, коментари на дневни актуелности, посвети на починати драги поети, духовност, хумор, на мигови повишена емотивност, голема доза урбофилија, но и бегство кон природата или она што останало од неа во градот или околу градот... Па дури и за „римејк“ на песни од други поети, како што е песната „Огледало“ посветена на Орхан Вели.

Но, среде оваа поетичка разноликост, јасно ни се прикажува она што е својствено на стиховите на Васко Марковски: неговата поезија е лишена од непотребното китење и мртвите метафори. Во неговите стихови нема изнасиленост ниту помодно следење на актуелните книжевни тенденции. Стиховите на Васко Марковски се осмислена естетска провокација, шлаканица на бесмислата, заблудите, нелогичноста, креативно артикулиран човечки бунт против баналноста и поразителната површност што нè опкружува... Важно е да напоменеме дека Васко Марковски со задоволство се оградува од позицијата на „мудрец“, но останува луциден и проniklив набљудувач на стварноста, дури и кога е фрлен среде неа. Таква е поетиката на Васко – топла и навидум едноставна, искрена и човечна, спонтана, непосредна, честопати афористична и духовита. А „Скопски улици“ е куса поетска тура во која подеднакво ќе уживаат и оние што за првпат го посетуваат поетскиот свет на Васко Марковски, како и оние што веќе се запознале со неговата книжевност.

Николина Андова Шопова

# СКОПСКИ УЛИЦИ

## ВО МРЕЖАТА НА ПАЈАКОТ ЗАИГРАН

Ме чека еден тон работа,
но, како да постигнам сè,
со толку потсвесни професии..
Дегустатор на автобуси..
Дегустатор на денови..
Дегустатор на разговори..
Дегустатор на пенкала и тефтери..
Дегустатор на незнајни молитви..
Дегустатор на фотогенични маала..
Дегустатор на свирачки комбинации..
Дегустатор на нови сетинзи..
Дегустатор на надмината омраза..
Дегустатор на сезонски преобразби..
на силуети од дрвја накривени од ветрови, во кадарот
и на што уште не..
а, демек, се подвизувам.

## **РАЗГЛЕДНИЦА ОД ЧИТАЛНАТА**

Доаѓаме како на плажа
некој порано во денот
некој подоцна
некои, ред не можеш да им фатиш

Одбираме место,
кој каде ќе седи денеска,
и почнуваме да вадиме,
кој што си донел

за читање
за разладување
за останување буден
за со некого да се мечтае заедно

Морето е тука, веднаш зад грбот

некогаш е кротко
некогаш ’ржи
некогаш сред бродолом

Ние

читаме,
пишуваме,
дремнуваме,
тркнуваме накусо по работа,
на прошетка,
повремено се погледнуваме

телефоните се тивки
како во роаминг
како на плажа

Уште од некаде да се појават крофнаџиите!